Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

**До: Државен комунален инспекторат**

**Архивски број: 09-2708/2**

**Датум: 14.07.2023година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

**СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Државен комунален инспекторат, со архивски број 04-205/1 од 07.07.2023 година**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Државен комунален инспекторат,** поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

**Drejtuar: Inspektoratit Shtetëror Komunal**

**Numri i arkivit: 09-2708/**

**Data:________2023**

Në bazë të nenit 17 paragrafi (7) të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 27/14, 199/14, 27/16, 35/2018, 198/2018 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 143/19 dhe 14/20) Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep:

**PËLQIM**

të

Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Inspektoratit Shtetëror Komunal, me numër arkivi 04-205/1 të datës - 07.07.2023.**

**ARSYETIM**

**Inspektoratit Shtetëror Komunal,** pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, parashtroi kërkesë për marrjen e pëlqimit të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës.

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës e shqyrtoi aktin e dorëzuara dhe konstatoi se i njëjti është në harmonizim me dispozitat e Ligjit për nëpunësit administrativ, Ligjit të të punësuarve në sektorin publik, Rregullores së përmbajtjes dhe mënyrës së përgatitjes së akteve mbi organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës si dhe të përmbajtjes së analizës funksionale të institucioneve të sektorit publik dhe Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.

Министерство за информатичко

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје

+389 2 320 0874

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**- Државен комунален инспекторат-**

# П Р А В И Л Н И К
# за изменување и дополнување на
# Правилник за систематизација на работните места во
# - Државен комунален инспекторат- Скопје

**Скопје, Јули 2023 година**

Врз основа на член 55, став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 17 став 5 и став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (“Сл.Весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и (“Сл.весник на Република Северна Македонија”бр. 143/19 и 14/20), а во согласност со Правилникот за изменување на правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.11/15 и (Службен весник на Република Северна Македонија бр.217/21, 159/22 и 259/22), в.д. Директорот на Државниот комунален инспекторат, на ден 14.07.2023 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на**
**Правилник за систематизација на работните места во**
**Државен комунален инспекторат- Скопје**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во Државен комунален инспекторат Скопје, бр. 04-326/7 од 02.12.2019 година, Правилникот за измена и дополна на правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат бр:04-27/1 0д 26.01.2021 година, Правилникот за измена и дополна на правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат бр:04-11/1 од 10.01.2022 година, како и Правилникот за измена и дополна на правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат бр:04-214/1 од 13.09.2022 година.

**Член 2**

**Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ**, во дел **2**, во Одделение за инспекциски надзор, работното место со реден број 3 шифра УПР0101В01000, назив на работно место Советник комунален инспектор, во делот број на извршители бројот "6" се заменува со бројот "4".

**Член 3**

Во делот III. **ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ, во дел 2,** во Оделение за инспекциски надзор, по работното место бр.**3** , со шифра ИНС 0101В01000 со звање **Советник комунален инспектор,** се додава ново работно место со бр. **3-а** и гласи:

| **Одделение за инспекциски надзор** | |
|---|---|
| **Реден број** | 3-а |
| **Шифра** | ИНС 0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | Советник комунален инспектор |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Природни науки- други природни науки(Биолошки науки,Хемиски науки ) |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Спроведува, самостојно извршува најсложени работи и задачи при вршење на инспекциски надзор од областа на комуналните дејности врз правни физички лица-субјекти на надзорот кои обавуваат комунални дејности. |
| **Работни задачи и обврски** | -Врши инспекциски надзор по стекнување на лиценца за инспектор со коефициент на сложеност Q4 Q5 по исклучок инспекторот може да врши инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност<br>-Врши инспекциски надзор над Јавните претпијатија основани од Владата на Република Северна Македонија од областа на комуналните дејности, како и на правни и физички лица-носители на лиценци на кои од Владата на Република Северна Македонија им е доверено вршење на соодветна комунална дејност, како и во итни случаи кога поради одлагање може да настане опасност по животот или здравјето на граѓаните и имотот.<br>-Врши инспекциски надзор на Јавните претпијатија основани од општината во поглед на спроведувањето на одредбите од Законот за управување со отпад;<br>-Врши инспекциски надзор на правни и физички лица-управители на гробна инфраструктура и оператори на погребални услуги;<br>-Врши инспекциски надзор на јавната чистота на јавните и отворени простори на Граничните премини во Република Северна Македонија;<br>-Врши инспекциски надзор на правни и физички лица, |

| | |
|---|---|
| | носители на лиценци во областа на снабдување со вода за пиење и одведувањето на урбани отпадни води на регионалните водоснабдителни системи, даватели и корисници на услуга;<br>-Врши инспекциски надзор во областа на домувањето, доколку нема општински инспект,<br>-Врши инспекциски надзор во областа патната инфраструктурана во поглед на оджрувањето на јавната чистота од страна на правни и физички лица корисници на отворени јавни површини во заштитниот појас на Државните патишта; |

**Член 4**

**Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ, во дел 2**, Оделение за инспекциски надзор, работното место **бр.3-б**, со шифра ИНС0101В02000 со звање Самостоен инспектор и назив на работно место Самостоен комунален инспектор во делот број на извршители бројот "1" се **заменува со бројот "2"**.

**Член 5**

**Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ, во дел 3**, во Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот, работното место со реден **број 8-а** шифра УПР 0101В01000, назив на работно место Советник преведувач, со број на извршители "1" се менува и гласи:

| **Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот** | |
|---|---|
| **Реден број** | 8-а |
| **Шифра** | УПР 0101В04000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник- преведувач |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Хуманистички науки и уметност -други хуманистички науки (Јазици и литература) |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Извршување на административно-оперативни работи во инспекторатот кои се однесувааат на преводи од албански јазик на македонски јазик и обратно |
| **Работни задачи и** | 1. Врши преводи на акти на инспекторатот, |

| | |
|---|---|
| **обврски** | информативни и други материјали од албански јазик на македонски јазик и обратно<br>2. Врши работи и задачи на преводи на поднесоци на граѓани од албански јазик на македонски јазик и кирилско писмо и обратно<br>3. Врши превод на одговорите на поднесоците од македонски јазик и кирилското писмо на албански јазик и неговото писмо<br>4. Врши кореспонденција на албански јазик и неговото писмо<br>5.Преведува писма и друга кореспонденција на албански јазик |

**Член 6**

Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ, **во дел 3**, во Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот, по работното место со реден **број 8-а** шифра УПР 0101В04000, назив на работно место Помлад соработник – преведувач, се додава ново работно место со **бр.8-б** и гласи:

| **Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот** | |
|---|---|
| **Реден број** | 8-б |
| **Шифра** | УПР 0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за административни работи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Општествени науки – право или други општествени науки- (Јавна управа и администрација) |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Самостојно извршува најсложени работи и задачи од делокругот на работа на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | -прибира информации и податоци заради подготовка на материјали и документи кои содржат:<br>-стручни анализи на прашања кои се од значење на примената на законодавството во државен комунален инспекторат;<br>-стручни анализи, информаци и други материјали за работните тела,стручни анализи на прашања кои се од значење на примената на законодавството , |

| | |
|---|---|
| | -подготвува и обработува докумантација за потребите на одделението, ги евидентира спроведува пристигнатите податоци; врши административни работи за потребите на одделението во однос на поведените постапки;<br>-ги прима пресудите од судовите, решенијата, ургенциите, покани и други документи кои се доставани во државен комунален инспекторат и ги доставува до инспекторите односно надлежните органи;<br>- помага при подготовка на годишна програма за работа на инспекторатот, годишен извештај од делокругот на одделението;<br>-подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението;<br>-помага во извршување на одредени архивски, информативно-документациони и стручно-оперативни работи во Инспекторатот. |

**Член 7**

**Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ**, во дел **4, Одделение за човечки ресурси** работното место со реден број 15-а со шифра УПР.01.01.В03.000 и звање Соработник за човечки ресурси со број на извршители „1„ се брише.

**Член 8**

**Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ**, во дел 5, Одделение за финасиски прашања, **во** работното место со реден број 17 шифра УПР 0101Б04000, назив на работно место Раководител на одделение за финансиски прашања , во делот вид на образование зборовите "Економски науки" се заменуваат со зборовите Општествени науки-"Економија и бизнис или други општествени науки (Организациони науки и управување – менаџмент)"

**Член 9**

**Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ**, во дел 5, Одделение за финасиски прашања, работното место со реден број 19 шифра УПР 0101Г01000, назив на работно место Самостоен референт-благајник , со број на извршители "1" се менува и гласи:

| Одделение за финансиски прашања | |
|---|---|
| Реден број | 19 |
| Шифра | УПР 0101В01000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Советник за финансиски прашања |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Општествени науки-Економија и бизнис или други општествени науки - (Организациони науки и управување –менаџмент) |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | -ефективно и ефикасно спроведување на активности од областа на финансиското управување |
| Работни задачи и обврски | -дава стручна помош и совети, дава предлози за планот на работа на одделението и извештај за напредокот на спроведувањето на неговата работа;<br>-го организира сметководственото евидентирање на извршујвање на буџетот финансискиот план, ја изготвува годишната сметка; врши пресметка на даночните обврски и се грижи за навремено пријавување и плаќање на истите до надлежните органи,<br>-подготовка на буџетот на субјектот и негова измена и дополнување, подготовка на стратешкиот план на субјектот и негова измена и дополнување, следење на извршувањето на буџетот на субјектот;<br>-изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот,<br>-следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;<br>-изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на субјектот и неговите органи во состави и единки на корисници согласно законските прописи;<br>-подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола. |

## Член 10

Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ, во дел 5, Одделение за финасиски прашања, работното место со реден број 20 шифра УПР 0101Г04000, назив на работно место Помлад рефрент за јавни набавки , со број на извршители "1" се менува и гласи:

| Одделение за финансиски прашања | |
|---|---|
| **Реден број** | 20 |
| **Шифра** | УПР 0101В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за јавни набавки |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Општествени науки-Економија и бизнис или други општествени науки - (Организациони науки и управување –менаџмент) |
| **Други посебни услови** | Лиценца за јавни набавки |
| **Работни цели** | извршува задачи од делокругот на работа на одделението и учествува во реализација на договори за јавни набавки. |
| **Работни задачи и обврски** | -дава стручна помош и совети, дава предлози за планот на работа на одделението и извештај за напредокот на спроведувањето на неговата работа, следење и примена на законската регулатива од областа на јавните набавки, подготовка на интерни процедури за јавни набавки, инструкции и совети на комисијата за јавни набавки, следење и согледување на потребите за јавни набавки во субјектот;<br>-подготовка на годишен план за јавни набавки, извршување на планот за јавни набавки, подготовка на решенија, договори и согласности за јавни набавки:<br>-подготовка на огласи за јавни набавки и тендерска документација вршење проверка на исправноста на фактурите доставени врз основа на склучени договори за набавки и нивна усогласеност со испратниците/работните налози и порачките;<br>-водење евиденции на јавните набавки што се вршат во субјектот по видови на постапки и евиденции на другите набавки по видови, изготвување договори за јавните набавки и |

| | |
|---|---|
| | следење на нивната реализација;<br>-контрола на налозите за порачки до соодветните добавувачи согласно со склучените договори за набавки и ја следи реализацијата на порачките;<br>-анализа на потребите од потрошни материјали и опрема и изготвување план, проекции за набавките за наредната година, врши работи и задачи во работните тела од надлежност на инспекторатот; |

**Член 11**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувања и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.04-205/1
Датум : 07.07.2023

в.д.Директор,
m-r Sali Ajdini

Изработил: Валентина Илиевска
Контролирал:Кадрије Азизи

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

### ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

| Ред.бр на раб. место | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 2. | ИНС | 01 | 01 | Б04 | 000 | Виш инспектор –Рак. на одделение за инспекциски надзор | 1 |
| 3. | ИНС | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник комунален инспектор | 4 |
| 3-а | ИНС | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник комунален инспектор | 1 |
| 3-б | ИНС | 01 | 01 | В02 | 000 | Самостоен комунален инспектор | 2 |
| 4. | ИНС | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад комунален инспектор | 3 |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за управно правни работи | 1 |
| 6. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за административни работи | 1 |
| | | | | | | | |

| Ред.бр на раб. место | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРУЧНА АДМИНИСТРАТИВНО-ОПЕРАТИВНА ПОДРШКА НА ИНСПЕКТОРАТОТ** | | | | | | | |
| 7. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот | 1 |
| 7-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за административни работи | 1 |
| 8. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за административни работи | 1 |
| 8-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник преведувач | 1 |
| 8-б | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за административни работи | 1 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за архивско работење | 1 |
| 13 | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт-тенички секретар | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | | | |
| 14 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 |

| Ред.бр на раб. место | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 15 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за човечки ресурси | 1 |
| 16 | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за човечки ресурси | 1 |

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за финансиски прашања | 1 |
| 18 | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за финансиски прашања | 1 |
| 19 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за финансиски прашања | 1 |
| 20 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за јавни набавки | 1 |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО | 27 |